РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1252/5
31-10-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница, одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-3209/1 од 24.12.2024 година, оформен по поднесена пријава против ----------------- - Јавен обвинител во ---------- обинителство на Република Северна Македонија, -------------- и ------------- јавни обвинители во ------------- обвинителство на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА, поради тоа што не е утврдена повреда на законските одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата да се достави за понатамошно надлежно постапување до -------------------- на Република Северна Македонија.

Предметот со број 09-3209/1 од 24.12.2024 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител - јавен обвинител во ----------------- ------------------ Скопје, во ДКСК е оформен предмет број 09-3209/1 од 24.12.2024 година, против ---------------- - ------------- обвинител на Република Северна Македонија, ---------------- и -------------, -------------- обвинители во -------------- обвинителство на Република Северна Македонија. Во пријавата се наведува дека истите постапиле спротивно на чл.72 ст.1 и 2 и чл.75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа ---------------- како ------------ обвинител на Република

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Северна Македонија донел Одлука за вршење надзор над работењето на ------------------ Скопје и во работниот тим за вршење на надзорот ги вклучил обвинителите ---------------, ------------------- и --------------, иако знаел дека ----------------- и ------------- имаат основи за судир на интереси при извршувањето на надзорот. За обвинителката ---------------- се наведува дека има судир на интереси по два основа, прво поради тоа што предмет на надзор биле два предмети во кои претходно учествувала како обработувач на предметите во прв степен и истите ги застапувала, првично како обвинител во укинатото --------------------- а подоцна и како јавен обвинител во ------------------ за ---------------------- и дека надзорот го користи со цел да го оправда незаконитото работење и пропусти кои претходно се утврдени од --------------------- Скопје. Второ, се наведува дека истата е пријавена и има статус на осомничена за кривично дело Злоупотреба на службена положба во предмет кој е за одлучување во ------------------------- Скопје по жалба на донесено решение за отфрлање на кривични пријави од --------------------------- и дека надзорот бил насочен над работењето на ---------------- обвинител во ------------------------- Скопје кај кој истиот предмет е распореден и бил во фаза на одлучување. За вториот обвинител кој е дел од работната група за вршење на надзорот, ------------------ се наведува дека пред изборот во ------------------ на Република Северна Македонија до месец август 2023 година бил Јавен обвинител во --------------------------- Скопје и како заменик на ------------------ обвинител со дел од предметите бил лично запознаен, како за нивниот статус, така и за донесените одлуки од страна на кои пријавителот, но и дека бил добро запознаен за начинот и водењето на административно управниот дел на ---------------------- Скопје. Пријавителот смета дека пријавените исполниле личен интерес преку надзорот со цел да се изврши притисок и влијание над работењето на -------------------- обвинителство по конкретните предмети и решавање на предметот во кои имала приватен интерес обвинителката --------------------. Во прилог на пријавата е доставена Одлука на ----------------------- на Република Северна Македонија ------------- од 07.09.2024 година, Решение на -------------------- Скопје -------------- од 02.12.2024 година, а со поднесок од 27.12.2024 година пријавителот до ДКСК достави Записник од одржана главна расправа пред Основниот кривичен суд Скопје на ден 11.04.2022 година по предмет -----------------.

Во конкретниот случај во пријавата се изнесуваат сомнежи за постоење на судир на интереси кај членови на работна група за вршење надзор над законито и навремено извршување на јавно обвинителска функција во -------------------------- Скопје.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија при постапувањето по пријавата имаше предвид дека -----------------, како државен орган чија основна функција е гонење на сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, е организирано врз принципите на хиерархија и субординација. Принципот на хиерархиската субординираност меѓудругото опфаќа и надзор над законитото и навремено извршување на јавнообвинителската функција на пониските јавни обвинителства од страна на повисоките јавни обвинителства. Тоа е предвидено со членот 28 од Законот за јавно обвинителство („Службен весник бр.42/20").

Видно од Одлуката од -------------- на Република Северна Македонија -------------------------- од 07.09.2024 година е дека е донесена врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавно обвинителство и член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства.

Имено, согласно со член 28 од Законот за јавно обвинителство („Службен весник бр.42/20"), (1) Надзор над законитото и навремено извршување на јавнообвинителската функција на пониските јавни обвинителства врши повисокото јавно обвинителство. Согласно со член 28 став 4 од Законот за јавно обвинителство начинот на вршење на надзорот се утврдува со Правилници кои се донесени од страна на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Од Одлуката за вршење надзор е видно дека со истата било определено да се изврши надзор над административното и предметното работење на -------------- Скопје, во согласност со член 6 од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзорот над работата и постапувањето на јавните обвинителства, за временски период наведен во одлуката. ---------------- на Република Северна Македонија ја донел Одлуката согласно со неговите законски надлежности определени во Законот за ------------ а определените членови на работната група се од редот на јавните обвинители во ----------------- на Република Северна Македонија, како што е предвидено во Законот и Правилникот донесен од Советот на јавните обвинители. Притоа, одлуката се однесува за вршење надзор над работата на целото вишо јавно обвинителство, т.е. за сите обвинители кои јавнообвинителската функција ја вршат во тоа вишо обвинителство, а не за конкретен јавен обвинител и не се посочени конкретни предмети. Доносителот на одлуката лично не учествува во вршење на надзорот, за да би можела кај него да настане состојба на судир на интереси, а секое службено лице само лично за себе може да процени дали има судир на интереси при постапувањето или не.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Меѓутоа, видно од Правилникот за утврдување на начинот на вршење на надзор над работата и постапувањето на јавните обвинителства е дека воопшто не се предвидени одредби и можност за изземање при вршење на надзорот, за разлика од Правилникот за водење на дисциплинска постапка спрема јавен обвинител, каде е предвидено изземање на претседател и членови на дисциплинската комисија. При вршењето на надзорот работната група не носи одлука, туку само поднесува Извештај за извршениот надзор со сите констатации од надзорот до ------------- на РСМ и до ----------------------, кои понатаму имаат надлежност да ценат дали врз основа на извршениот надзор дошле до сознанија за сторена дисциплинска повреда од страна на јавен обвинител и дали има основ за дисциплинска постапка спрема јавен обвинител или не, и кои можат да прибираат податоци и докази, да извршат увид во предмети и да преземат активности за проверка на веродостојноста на сознанието за сторена дисциплинска повреда.

Поради тоа, Државната комисија по разгледување на пријавата оцени дека е потребно истата да се достави на натамошно надлежно постапување на --------------------- како надлежен орган кој согласно со Законот за ------------- со правилник го утврдува начинот на вршење на надзорот, до кого се доставува примерок од писмениот извештај за извршениот надзор и кој согласно со законот одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители, одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа согласно со Законот за ---------------. Истото со цел наводите од пријавата да се ценат во рамки на евентуално покрената дисциплинска постапка врз основа на изготвениот извештај за извршениот надзор.

ДКСК, имајќи ги предвид дел од наводите од пријавата, дека еден од пријавените јавни обвинители имал својство на осомничен во предмет кој е пред ------------- Скопје и дека надзорот бил насочен над работењето на јавниот обвинител во -------------- Скопје кај кој истиот предмет е распореден и бил во фаза на одлучување, побара информација од -------------------- на Република Северна Македонија за тоа дали предмет на извршениот надзор бил предметот оформен по изјавена жалба против Решение за отфрлање на кривична пријава -------------- на -----------. Од страна на ------------- на Република Северна Македонија е доставен одговор на барањето со кое ја информира ДКСК дека согласно Одлуката, Записникот и изготвениот писмен Извештај за извршениот надзор над работата на ------------------------------------ Скопје, ----------------------- од------------ година, наведениот предмет не

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

бил разгледуван при надзорот. Оттука, врз основа на добиеното известување од ----------------, произлегува дека наводите од пријавата во овој дел не се потврдуваат.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Б.К -виш соработник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК